**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА**
**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**бр. 19-291/1**
**18.02.2026 год.**
**Гевгелија**

# Г О Д И Ш Е Н И З В Е Ш Т А Ј

## за работата на ЛМС на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и именуваниот службеник за млади во делокругот на младите за 2025 година

**Вовед:**

Согласно Законот за младинско учество и младински политики, а во врска со насоките во Прирачникот за работа на Локалните младински совети и член 27 од Деловникот за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Локалниот младински совет на Општина Гевгелија е должен да подготви и да поднесе до Советот на Општина Гевгелија Годишен извештај за неговата работа. Годишниот извештај се однесува на реализација на Програмата за работа на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и службеникот за млади во делукрогот на млади за 2025 година, којашто Советот на Општина Гевгелија ја донесе на седницата, одржана на 16 мај 2025 година.

Врз основа на член 23, став 2 од Законот за младинско учество и младински политики, службениците за млади подготвуваат годишни извештаи за работата на институциите во делокругот на младите кои ги поднесуваат до Агенцијата за млади и спорт и ги објавуваат на веб-страниците на органите на државната управа, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Во Извештајот, наративно се опишани активностите на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, службеникот за млади во Општина Гевгелија и Општина Гевгелија во врска со младинските политики и обезбедување механизми за младинско учество на локално ниво.

Во 2025 година, Општина Гевгелија продолжи со активно спроведување на политики за поддршка на младинските активности и развој на младинскиот сектор. Преку Локалниот младински совет, Локалното собрание на млади и службеникот за млади, се реализираа низа активности насочени кон јакнење на капацитетите на младите, нивно активно учество во донесувањето одлуки на локално ниво, како и поддршка на младинските иницијативи и граѓански активизам.

Настаните и обуките опфатени во овој извештај беа реализирани во рамки на различни проекти и програми, како што се „Информирај се! Активирај се!“, „Регионален младински парламент“, „YOUR JOB II“ и „Мисли глобално, дејствувај локално“, во партнерство со локални, регионални и национални организации, како и со поддршка од национални и меѓународни институции. Целта на овие активности беше да се овозможи младите да стекнат знаења и вештини за креативен активизам, граѓанско учество, комуникација со јавни институции и медиуми, како и за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики.

Во табелата подолу се прикажани сите реализирани активности во 2025 година, подредени по датуми, со краток опис на секоја активност, како и назначување на

организаторите и учесниците, со што се обезбедува прегледна и систематизирана слика на работењето на младинските тела во општина Гевгелија.

**<u>Локално собрание за млади и Локален младински совет во Општина Гевгелија:</u>**

**Обука на тема „Градење капацитети за Законот за младинско учество и младински политики“**

Во рамките на Проектот „Информирај се! Активирај се!“ што го имплементира Регионалниот центар за одржлив развој- Гевгелија, на 28 февруари 2025 година, се реализира првата обука на тема: „Градење капацитети за Законот за младинско учество и младински политики“. На обуката учествуваа членовите на Локалното собрание на млади и Локалниот младински совет во Општина Гевгелија, како и претставници на невладините организации коишто активно работат со млади. Целта на обуката беше да се зајакнат знаењата и вештините на младите за нивната улога во креирањето и имплементацијата на младински политики на локално ниво, како и за активно учество во процесите на донесување одлуки.

Со помош, знаење и практично искуство на обучувачот Зоран Илиевски од Коалиција „СЕГА“, учесниците преку работа во групи и презентации детално ја обработија содржината на Законот за младинско учество и младински политики. Младите го продлабочија своето разбирање за надлежностите на младинските тела на локално ниво и за начините на ефективно учество во активности и одлуки што ги засегаат. Обуката претставуваше интерактивна и практична активност која овозможи младите да ги споделат своите идеи, да разменуваат искуства и да креираат конкретни препораки за подобрување на младинското учество во општината.

Проектот „Информирај се! Активирај се!“ е поддржан и финансиски овозможен од Општина Гевгелија, како дел од заложбите за зајакнување на младинските капацитети и активно вклучување на младите во локалното управување и креирањето политики.

**Втора седница на Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија**

На 5 март 2025 година, со почеток во 14:00 часот, во просториите на Општина Гевгелија се одржа втората седница на Локалното собрание на млади. На седницата се дискутираше за усвојување на записникот од првата седница, констатирање оставка на член на Локалното собрание, разгледување на пријави за членови на Локалниот младински совет, како и за извештај и записник од Верификационата комисија за следење на изборот на членови на Локалниот младински совет. Дополнително, присутните разгледуваа и Предлог-програма за работа на Локалниот младински совет, службеникот за млади и Општина Гевгелија во делокругот на младите за 2025 година, а на крајот се дискутираше и по точката „Разно“.

По разгледување на апликациите, Локалното собрание на млади поднесе одлука за избор на новите членови на Локалниот младински совет- Кристијан Алчинов, Анастасија Шопова, Ангел Аевски, Благица Ступар и Валентина Ангелова - и предлог до Советот на Општина Гевгелија за верификација на нивните мандати.

**Обука за креативен активизам**

На 6 март 2025 година, во рамките на Проектот „Информирај се! Активирај се!“, кој го имплементира Регионалниот центар за одржлив развој- Гевгелија, беше

реализирана втората обука на тема „Креативен активизам“, наменета за јакнење на капацитетите на младинските структури и организациите кои работат со млади на локално ниво. Во обуката активно учествуваа членови на Локалното собрание на млади и Локалниот младински совет, службеникот за млади, како и претставници на граѓански организации кои работат со млади. Активноста овозможи директна размена на искуства меѓу различните чинители вклучени во младинските процеси и поттикна заеднички пристап кон унапредување на младинското учество во заедницата.

Обуката ја водеше Зоран Илиевски од Коалицијата за младински организации „СЕГА“, кој преку интерактивна методологија и структурирана дискусија ги запозна учесниците со концептот на креативен активизам, неговата примена во локален контекст, како и со можностите за развој на креативни младински иницијативи насочени кон реални потреби на младите во општината. Во текот на обуката беа идентификувани конкретни локални младински потреби, а учесниците работеа на генерирање идеи за потенцијални младински иницијативи кои можат да придонесат кон поголема видливост на младинските прашања и поактивно вклучување на младите во процесите на одлучување на локално ниво.

Проектот „Информирај се! Активирај се!“ е поддржан и финансиран од Општина Гевгелија и претставува дел од континуираните напори за унапредување на младинското учество, информираноста и активизмот на младите во општината.

**Одржана работна средба со Градоначалникот на општина Гевгелија во рамки на проектот „Информирај се! Активирај се!“**

На 5 мај 2025 година, во рамките на Проектот „Информирај се! Активирај се!“, кој го имплементира Регионалниот центар за одржлив развој- Гевгелија, се одржа работна средба со Градоначалникот на Општина Гевгелија, на која учествуваа членовите на Локалното младинско собрание и Локалниот младински совет, како и службеникот за млади во Општина Гевгелија. За време на средбата, учесниците беа информирани за структурата, организацијата и надлежностите на Градоначалникот, како и за начинот на функционирање на локалната самоуправа во делот на младинските политики. Посебен фокус беше ставен на улогата и можностите за вклучување на младите во процесите на донесување одлуки на локално ниво.

Средбата имаше за цел новиот состав на Локалниот младински совет да ги презентира иницијативите и идеите кои ќе ги застапува пред носителите на одлуки, како и да се поттикне поинтензивна соработка меѓу младинските тела и општината, со цел ефикасно спроведување на обврските што произлегуваат од Законот за младинско учество и младински политики. Проектот „Информирај се! Активирај се!“ е поддржан и финансиран од Општина Гевгелија.

**Тркалезна маса: „Перспективи и предизвици во младинското учество“**

Во рамки на Проектот „Информирај се! Активирај се!“, спроведен од Регионалниот центар за одржлив развој- Гевгелија, на 3 јули 2025 година, во Општинската сала во Гевгелија се одржа тркалезна маса на тема: „Перспективи и предизвици во имплементацијата на Законот за младинско учество и младински политики“. Настанот имаше за цел да ги презентира искуствата на Локалниот младински совет во младинското учество, како и да се разгледаат предизвиците и можностите за подобрување на имплементацијата на Законот на локално ниво.

Говорници беа: Кристијан Алчинов, претседател на Локалниот младински совет при Општина Гевгелија, кој ги презентираше активностите, иницијативите и потребите на младите во рамки на локалниот совет; Петар Јанчев, службеник за млади во

Општина Гевгелија, кој ги објасни институционалните можности за поддршка на младите; Мариана Ангелова, генерален секретар на Националниот младински совет на Македонија (НМСМ)- Скопје, со увид во националните практики и Зоран Илиевски, претставник на Коалиција СЕГА- Прилеп, кој ја презентира улогата на младинските центри.

Тркалезната маса овозможи младите од советот да ги искажат своите иницијативи и идеи за идни проекти и да дадат препораки за подобрување на локалното спроведување на Законот за младинско учество. Проектот е поддржан и финансиран од Општина Гевгелија.

**Обука на тема „Комуникација со јавни институции и медиуми“**

Во Младинскиот центар на Општина Струмица, на 20 мај 2025 година, беше одржана еднодневна обука во рамки на Проектот „Регионален младински парламент“, на тема „Комуникација со јавни институции и медиуми, презентерски способности и односи со јавноста“. На обуката учествуваа службеникот за млади во Општина Гевгелија, Петар Јанчев и член на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Ангел Аевски. Обуката беше насочена кон унапредување на комуникациските и јавните настапи на младите, со посебен фокус на ефективна вербална и невербална комуникација, активно слушање и градење јасни и убедливи пораки. Учесниците работеа на развој на презентерски вештини, структура и подготовка на јавен настап, како и на техники за сигурно и уверливо презентирање пред публика.

Во рамки на обуката беа опфатени и теми поврзани со односите со јавноста и медиумската комуникација, при што младите се запознаа со основите на ПР, креирање медиумски пораки и подготовка за настап и интервју во медиуми. Преку практични вежби и симулации, учесниците имаа можност директно да ги применат стекнатите знаења и да добијат корисни насоки за понатамошно подобрување на своите комуникациски вештини.

Проектот „Регионален младински парламент“ е спроведуван од Здружението ГКЦ КРЕА- Радовиш, во партнерство со Здружението ЦЕЛОР од Радовиш. Проектот е субгрантиран во рамки на Програмата „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар- фаза 2“, финансирана од Европската Унија.

**Еднодневна обука на тема: „Граѓанско движење, работа на граѓански организации, учество на јавноста и застапување“**

Во медијатеката на СОУ „Јосиф Јосифовски“ во Гевгелија, на 23 мај 2025 година, беше одржана еднодневна обука во рамки на Проектот „Регионален младински парламент“, на тема „Граѓанско движење, работа на граѓански организации, учество на јавноста и застапување“. Домаќин беше Локалниот младински совет на Општина Гевгелија. Обуката беше насочена кон јакнење на знаењата и вештините на младите во областа на граѓанскиот активизам и организираното граѓанско дејствување. Преку интерактивни сесии и практични вежби, учесниците се запознаа со основните принципи на граѓанското движење и активизам, како и со начинот на идентификација на локални проблеми и можности за нивно адресирање.

Во рамки на обуката беа опфатени и теми поврзани со организирањето и функционирањето на граѓанските организации, вклучително и процесите на формирање, распределба на улоги и воспоставување структури за ефикасно работење. Посебен акцент беше ставен на развојот на практични алатки за влијание, креирање граѓански акции и планирање кампањи за комуникација и застапување.

Завршниот дел од обуката беше посветен на презентации на групните работи, размена на мислења и отворена дискусија, при што учесниците добија повратни информации и насоки за понатамошно унапредување на нивниот ангажман. На учесниците им беа доделени сертификати за учество, по што следеше заедничко фотографирање и неофицијално дружење.

Проектот „Регионален младински парламент“ е спроведуван од Здружението ГКЦ КРЕА- Радовиш, во партнерство со Здружението ЦЕЛОР од Радовиш. Проектот е субгрант добиен во рамки на програмата „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар- фаза 2“, финансирана од Европската Унија.

**Работилница за развивање на локални младински иницијативи**

Во Општина Богданци, на 14 јули 2025 година, службеникот за млади, Петар Јанчев и членот на Локален младински совет на Општина Гевгелија, Кристијан Алчинов, учествуваа на првата работилница за развивање на локални младински иницијативи, насочена кон поттикнување на младинско учество и создавање нови иницијативи во заедницата. Работилницата се фокусираше на тоа што претставува младинска иницијатива и презентирање успешни примери од регионот. Учесниците имаа можност да ги идентификуваат локалните предизвици и потреби на своите заедници, по што преку работа во групи развиваа идеи за иницијативи по општини или тематски области. Во завршниот дел, групите ги презентираа своите идеи и добија повратни информации, со избор на приоритетна иницијатива за понатамошен развој.

Настанот овозможи интерактивно вмрежување, размена на искуства и градење доверба меѓу младите, со цел создавање на ефективни и одржливи младински проекти на локално ниво. Работилницата е дел од Проектот „Регионален младински парламент“, спроведуван од Здружението ГКЦ КРЕА- Радовиш, во партнерство со Здружението ЦЕЛОР од Радовиш. Проектот е субгрант добиен во рамки на програмата „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар- фаза 2“, финансирана од Европската Унија.

**Прв Регионален младински парламент во Струмица**

На 10 септември 2025 година, во хотел „Сириус“- Струмица се одржа Првиот Регионален младински парламент, настан кој имаше за цел да ги поврзе младинските иницијативи во Југоисточниот Регион и да поттикне заедничка работа на младите за идни активности и проекти. Присуствуваа службеникот за млади во Општина Гевгелија, Петар Јанчев и членот на Младински локален совет на Општина Гевгелија, Ангел Аевски. Настанот започна со воведна сесија во која беше претставен Проектот, презентирани беа учесниците и беше извршена анализа на моменталната состојба на младинското учество и активизам во регионот. Во втората сесија беа претставени младински иницијативи од различни општини, со што се овозможи размена на искуства и практични примери од теренот.

Во рамки на третата сесија, учесниците дискутираа за предизвиците и можностите за развој на младински иницијативи во Југоисточниот Регион, како и за препораки и следни чекори по завршување на проектот. Настанот заврши со избор на координатор на Регионалниот младински парламент и со договор за координација и понатамошно функционирање на Парламентот. Првиот Регионален младински парламент е дел од Проектот „Регионален младински парламент“, спроведуван од Здружението ГКЦ КРЕА- Радовиш, во партнерство со Здружението ЦЕЛОР од Радовиш. Проектот е субгрант добиен во рамки на програмата „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар- фаза 2“, финансирана од Европската Унија.

**Завршна конференција на Проектот „YOUR JOB II“**

На 31 октомври 2025 година, во хотел Етерно во Струмица, се одржа завршна конференција на Проектот „YOUR JOB II“, на која присуствуваа службеникот за млади во Општина Гевгелија, Петар Јанчев и членот на Локален младински совет на Општина Гевгелија, Кристијан Алчинов. Завршната конференција беше посветена на презентирање на постигнатите резултати и споделување на искуства од проектните активности. Настанот собра учесници од различни области, вклучувајќи грантисти, експерти и претставници на бизнис секторот.

Во рамки на конференцијата беше прикажан и видео материјал кој ја илустрираше имплементацијата и влијанието на проектот, а потоа се одржа панел дискусија со учество на грантистите и надворешни експерти, меѓу кои Наташа Трајков, Митко Андонов- генерален менаџер на Еон Еден Маркетинг, Ружица Ѓоргиева- учесник на VET курс, и Дејан Стојановиќ, надворешен експерт. Панелот се фокусираше на споделување практични искуства, предизвици и добри практики од реализацијата на Проектот.

Проектот ***YourJob*** се реализираше во пет општини од Југоисточниот Регион – Гевгелија, Богданци, Струмица, Босилово и Ново Село – со цел да им се помогне на младите луѓе (на возраст од 18 до 35 години) во нивната професионална интеграција и зголемување на вработливоста. Главната цел на проектот беше младите да се поддржат преку кариерно советување, обуки за развој на меки и стручни вештини, тренинг за претприемништво, како и финансиска и менторска поддршка за развој на сопствени бизнис идеи. Посебен фокус беше ставен на лица од ранливи категории, со цел да се обезбеди рамноправен пристап до можности за личен и професионален развој.

Клучната улога во имплементацијата на Проектот во Општина Гевгелија ја имаше службеникот за млади, кој активно обезбедуваше логистичка поддршка за активностите во координација со проектниот тим и преку објавување на повиците на општинската веб-страна, социјалниот медиум, како и социјалните групи на Фејсбук каде што членуваат поголема група млади, ги информираше за сите активности и можности.

Во рамките на Проектот беа спроведени индивидуални и групни сесии за кариерно советување во Гевгелија и околните села Богородица, Моин, Прдејци, Мрзенци, Миравци, Негорци и Ново Коњско. На овие сесии учествуваа вкупно 65 млади луѓе, од кои 39 беа жени, а 26 мажи. Преку овие разговори, учесниците добија поддршка да ги препознаат своите интереси, способности и потенцијали, како и насоки за понатамошно образование, професионални обуки и вработување. Сесиите помогнаа да се зголеми самодовербата кај младите и нивната подготвеност да се соочат со пазарот на труд.

Информативните сесии се одржаа во Гевгелија на три датуми. Првата беше на 31 јули 2024 година во Домот на култура „Македонија“, втората на 13 септември 2024 година, а третата на 23 април 2025 година во СОУ „Јосиф Јосифовски“. На овие сесии учествуваа вкупно 51 млад човек, од кои 28 беа жени, а 23 мажи. Сесиите им овозможија на учесниците да се запознаат со сите активности и можности што ги нуди проектот, а истовремено ги мотивираа да се вклучат во проектот, да ја развијат

свесноста за сопствените потенцијали и да ја зајакнат нивната иницијатива за личен и професионален развој.

За да се унапредат меки вештини, во СОУ „Јосиф Јосифовски“ беа организирани две работилници на 18 февруари и 23 април 2025 година. Вкупно 30 млади луѓе учествуваа на овие работилници, од кои 17 беа жени, а 13 мажи. Работилниците се фокусираа на развој на комуникациски способности, тимска работа, самодоверба, подготовка на CV и подготвеност за интервју за работа.

Во рамките на Проектот беа спроведени и стручни (VET) курсеви во Гевгелија. Седум млади жени учествуваа на овие курсеви, од кои две успешно ја завршија обуката за професионален фризерски курс, а пет ја завршија обуката за шминка. Курсевите им овозможија на учесничките да стекнат конкретни практични вештини, кои можат да ги применат за самовработување или вработување во секторот за услуги.

Тренингот за млади претприемачи се одржа на 16, 17 и 18 декември 2024 година во Стар Дојран, во хотел „Романтик“. На тренингот учествуваа осум млади луѓе, од кои пет беа жени, а три мажи. Целта на тренингот беше развој на бизнис идеи, изработка на бизнис план и зајакнување на претприемачките компетенции на учесниците.

Еден од најзначајните моменти беше доделувањето на грант на млада жена од Гевгелија, која преку менторска поддршка од искусен бизнис тренер го реализира својот проект и со финансиска поддршка од пет илјади евра целосно го опреми својот салон за убавина. Службеникот за млади ја следеше целата имплементација, обезбедувајќи континуирана поддршка, решавање на предизвиците и поврзување со потребните ресурси, со што беше обезбедена одржливост и успешност на бизнисот.

Проектот ***YourJob*** значително придонесе кон развојот на стручните и меки вештини кај младите луѓе, ја зголеми нивната самодоверба и подготвеност за настап на пазарот на труд, а истовремено ја промовираше економската и социјалната инклузија.

**Еднодневна тренинг сесија „Мисли глобално, дејствувај локално“**

На 19 декември 2025 година, во просториите на Public Room во Скопје, беше одржана еднодневна тренинг сесија „Мисли глобално, дејствувај локално“, насочена кон зајакнување на младинското учество во климатските процеси и поттикнување на оформување Национален младински климатски совет. На тренинг сесијата учествуваа два претставника на Локалниот младински совет на Општина Гевгелија, Кристијан Алчинов и Благица Ступар. Тренингот имаше за цел да придонесе кон создавање национална платформа која ќе ги обединува локалните младински иницијативи и ќе овозможи координирано младинско делување во областа на климатските промени и заштитата на животната средина. Преку интерактивни сесии и дискусии, учесниците ги споделија локалните климатски предизвици со кои се соочуваат нивните заедници, нагласувајќи ја потребата тие да бидат адресирани и на национално и на меѓународно ниво.

Во рамки на тренинг сесијата беше истакнато дека идниот Национален младински климатски совет ќе има улога во активно учество и советување при креирање на национални климатски и еколошки политики, организација на годишни LCOY настани, како и во номинирање младински претставници за учество во COY и

COP процесите како официјални младински делегати. Настанот ја потенцираше важноста од принципот „Мисли глобално, дејствувај локално“, при што беше нагласено дека вистинската климатска акција започнува токму на локално ниво, каде младите најдобро ги познаваат реалните потреби на своите заедници и можат да иницираат одржливи и праведни решенија. Тренингот беше организиран од Колектив Зет, со поддршка од УНИЦЕФ и Europe House Скопје, во соработка со Лидери за едукација, активизам и развој (ЛЕАД), Мрежата за климатска акција на Европа, Еко-свест, Македонското здружение на млади правници, Центарот за климатски промени, Националниот младински совет на Македонија и Македонското еколошко друштво.

**<u>Службеник за млади:</u>**

**Средба за имплементација на Проектот „Младински Парламент на Југоисточен Регион“**

Во рамки на Проектот „Младински парламент на Југоисточен Регион“, кој има за цел да го поттикне младинското учество и да создаде платформа за активно вклучување на младите во процесите на донесување одлуки на локално и регионално ниво, на 20 јануари 2025 година, во општинската сала, службеникот за млади во Општина Гевгелија, Петар Јанчев, одржа средба со проектниот тим . Средбата беше фокусирана на обезбедување логистичка и организациска поддршка за реализација на активности, промоција на проектот меѓу младите и координација на идните чекори за воведување на младински иницијативи.

Проектот имаше за цел да ги обедини младите од сите општини во Југоисточниот Регион, да ги поттикне нивното критичко размислување, лидерски способности и граѓанска одговорност, како и да создаде структура преку која младите ќе можат активно да учествуваат во развојот на своите заедници. Проектот „Регионален младински парламент“ е спроведуван од Здружението ГКЦ КРЕА-Радовиш, во партнерство со Здружението ЦЕЛОР од Радовиш. Проектот е субгрант добиен во рамки на програмата „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар- фаза 2“, финансирана од Европската Унија.

**Подготвен Годишен извештај за 2024 година**

Службеникот за млади, во рамки на својата работа, подготви Годишен извештај за работата на Локалниот младински совет, за работата на ЛМС на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и именуваниот службеник за млади во делокругот на младите за 2024 година. Извештајот го поднесе до Советот на Општина Гевгелија за усвојување. Во него се опфатени активностите на младинските тела, како и другите активности и проекти во делокругот на младите, спроведените јавни повици, изборот на нови членови, седниците на Локалното собрание на млади и иницијативите кои ја поддржуваат младинската политика и учеството на младите во локалната заедница.

Годишниот извештај за работата на ЛМС на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и именуваниот службеник за млади во делокругот на младите за 2024 година е усвоен од Советот на Општина Гевгелија со Заклучок бр. 09-316/1 од 26.02.2025 г., објавен во „Службен гласник на Општина Гевгелија“ бр. 04/25 г.

**Анкетен прашалник за младинско учество во Југоисточниот Регион**

На 10 февруари 2025 година, службеникот за млади од општината го одговори анкетниот прашалник кој го спроведува Здружението ГРАЃАНСКИ КРЕАТИВЕН ЦЕНТАР (ГКЦ)- КРЕА од Радовиш и Здружението ЦЕЛОР- Центар за локален развој,

во рамки на Проектот „Регионален младински парламент“. Истражувањето имаше за цел да ги зајакне капацитетите на младите за активно учество во креирањето на локални и регионални политики и опфаќаше ставови и практики на институциите во однос на младинското учество, спроведувањето на Законот за младинско учество, младинските политики и механизмите за комуникација со младите.

Проектот е финансиран од Европската Унија во рамки на Програмата „ЕУ поддршка за Граѓански ресурсен центар- фаза 2“, преку акциски грантови за локални иницијативи.

**Информации за имплементација на Законот за младинско учество и младински политики за вклучување во Проект „Гласот на младите...“**

Поради вклучување на Општина Гевгелија во Проектот „Гласот на младите: Ангажирање на идните лидери за инклузивно управување“, поддржан од Zivik Funding Programme со средства од Германското Сојузно Министерство за надворешни работи, службеникот за млади во Општина Гевгелија достави одговор на барање од имплементаторот на проектот- Центар за граѓанска иницијатива Прилеп- за активностите што ги спровела локалната самоуправа согласно Законот за младинско учество. Исто така, на 25 март 2025 година, во хотел „Романтик“- Дојран, службеникот за млади оствари работна средба со координаторите на Проектот, со цел поттикнување активно и инклузивно учество на младите во креирањето на локалните политики и процеси на одлучување преку: обуки за млади и општински претставници, поддршка во изработка на младински стратегии и акциски планови, вклучување на маргинализирани и недоволно претставени групи и кампањи за подигнување на свеста за младинско учество.

**Локалното собрание на млади во Гевгелија избра нов состав на Локален младински совет**

Локалното собрание на млади во Општина Гевгелија успешно го спроведе Јавниот повик за членство во Локален младински совет, објавен на веб-страницата на Општина Гевгелија на 27 ноември 2024 година. Во утврдениот рок пристигнаа пет апликации од младински организации, ученички и студентски здруженија и политички подмладоци кои активно реализираат активности на подрачјето на општината.

По разгледување на апликациите, Локалното собрание на млади поднесе одлука за избор на новите членови на Локалниот младински совет- Кристијан Алчинов, Анастасија Шопова, Ангел Аевски, Благица Ступар и Валентина Ангелова- и предлог до Советот на Општина Гевгелија за верификација на нивните мандати.

Целиот процес- од подготовка и проверка на апликациите, изработка на потребните акти и документи, до организација и одржување на седницата на Локалното собрание на млади- беше координиран и изработен од службеникот за млади во Општина Гевгелија. Дополнително, службеникот беше задолжен и за подготовката и спроведувањето на втората седница, одржана на 6 мај 2025 година, со цел да се заврши верификацијата на мандатите на новите членови.

**Одговор на Барање за информации за основани Младински центри**

На барање од Министерството за социјална политика, демографија и млади- Сектор Млади, арх. бр. 08-3766/1 од 7.5.2025 година, службеникот за млади во Општина Гевгелија, достави одговор на дописот, арх. бр. 08-476/2 од 9.5.2025 година, потребно за анализата за основани младински центри во општините и разбирањето на

моменталната состојба на младинските услуги и идентификувањето области каде можеби е потребна понатамошна поддршка.

**Одговор на прашалник од Министерството за социјална политика, демографија и млади**

Службеникот за млади во Општина Гевгелија, на 17 јули 2025 година, го пополни и електронски го достави прашалникот испратен од Министерството за социјална политика, демографија и млади, кој се однесува на степенот од спроведувањето на Акцискиот план за млади 2023–2025 година од Националната стратегија за млади 2023–2027 година. Пополнувањето на прашалникот ги опфати сите реализирани активности и проекти за млади во општината во наведениот период, како и други релевантни аспекти кои се предмет на прашалникот.

**<u>Општина Гевгелија:</u>**

**Стипендии за студентите запишани на медицинските, машинските и електротехничките факултети**

На 14 ноември 2025 година, Советот на Општина Гевгелија на својата 3. седница, донесе Одлука и во академската 2025/2026 година, Општина Гевгелија да додели уште 5 стипендии на студенти од општина Гевгелија запишани во прва година на Медицинските факултети во државата- отсек Општа медицина, како дел од мерките за поддршка на младите и за стимулирање на образованието во здравствената област. За таа цел, формираната Комисија за образование, култура и спорт при Советот на Општина Гевгелија на 25 ноември распиша Јавен конкурс, а доставените пријави се разгледуваа согласно Правилник за услови, критериуми и правила за доделување стипендии. Висината на стипендиите изнесува 6.000 денари месечно, за 10 месеци во академската година. Средствата за стипендиите се обезбедени од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 и 2026 година, а се исплаќаат врз основа на склучен договор.

Општина Гевгелија дава стипендии на 23 студенти, запишани на Медицинските факултети (М- 3, Ж- 15) и на Машинските факултети (М- 2) и Електротехничките факултети (М- 3) во државата. Висината на стипендијата изнесува 6.000 денари месечно, за 10 месеци.

**Финансиска помош на ученици во 3. година за училишна екскурзија**

Во 2025 година, согласно Програмата на Општина Гевгелија во областа на образованието, Општината обезбеди финансиска помош во висина од 74.331 денари за три ученика во трета година во СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, кои потекнуваат од социјално-ранливи семејства, за училишна екскурзија. Од страна на Училиштето беше доставен список на ученици, а исплатата се реализираше во март 2025 година.

**Покривање трошоци за матурска вечер на матурантите од СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија**

По иницијатива на Матурскиот одбор при СОУ „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, доставена до Градоначалникот на Општина Гевгелија, а во рамки на Програмата за

активности во областа на образованието за 2025 година, Општина Гевгелија ги покри трошоците за матурската прослава на 163 ученици од трета и четврта година.

За оваа намена, од Буџетот на Општина Гевгелија за 2025 година беа издвоени 543.670 денари.

**Финансиска поддршка на физички и правни лица во областа на спортот**

Општина Гевгелија во 2025 година, преку Програмата за финансирање на спортските активности даде поддршка на 5 млади спортисти- Слободанка Лозановска (22), Тина Сламкова (21), Александар Грујиќ (15), Михаела Лазаровска (23) и Тодор Анчев (29), од кои двете се тенисерки и едниот атлетичар. Исто така, беа поддржани и правни лица – различни форми на младинско организирање како: УСК „Јосиф Јосифовски“- Гевгелија, Општински сојуз на училишен спорт, ФК „Кожув“, КК „Кожуф“, КК „Гевгелија“, ЖРК Гевгелија ЈУГ, РК „Партизан“, Тениски клуб „Круна“, ЗГ Атлетски клуб „7 Ноември“, Клуб за мал фудбал „Проект“, Шаховски клуб „7 Ноември“, КМФ „Млади“- Миравци, Здружение на граѓани Навивачка група „Фантоми Север“ и ЗГ „Точак клуб Гевгелија“.

**Финансиска поддршка на физички и правни лица во областа на културата**

Во рамки на Програмата за финансирање програми и проекти од областа на културата од интерес на Општина Гевгелија за 2025 година, локалната самоуправа обезбеди финансиска поддршка за реализација на културни настани, манифестации и проекти на правни лица кои имаат форми на младинско здружување: Ансамбл „Бојмија“, КУД „Негорци“- Негорци, КУД „Браќа Толеви“- Прдејци“ и КУД „Танец“- Миравци и ЗГ Танцово студио „Мистик“- Гевгелија. Исто така, беше поддржан и проект на Ѓорге Хаџи-Николов (24 г.).

**Финансиран Проект за млади и нивно активно учество во локалните процеси на одлучување**

Во рамките на активностите на Општина Гевгелија за поддршка на граѓанскиот сектор и развој на локални иницијативи од јавен интерес, Општината обезбеди финансиска поддршка за реализација на Проектот „Информирај се! Активирај се!“, имплементиран од Регионален центар за одржлив развој- Гевгелија, организација за млади, насочен кон младите и нивното активно учество во локалните процеси на одлучување. За таа цел, Општина Гевгелија склучи Договор за финансирање на проект бр. 1/2025, со кој се одобрија средства во вкупен износ од 237.000 денари, доделени по претходно објавен Самостоен јавен повик за граѓански организации за поднесување проектни предлози.

Проектот имаше за цел поттикнување на младите на активно учество во процесот на креирање младински политики и донесување одлуки, преку спроведување активности како: градење капацитети и организирање обуки, подготовка и реализација на младинска иницијатива, организирање средби на млади со претставници на локалната власт, промоција и подигање на јавната свест, изработка на видеосодржини и организација на јавен настан. Проектните активности се реализираа во период од пет месеци, при што финансиските средства се исплаќаа согласно доставени наративни и финансиски извештаи. Со поддршката на овој проект, Општина Гевгелија придонесува кон унапредување на младинското учество, зголемување на младинското информирање и јакнење на соработката меѓу младите, граѓанските организации и локалната самоуправа.


Општина Гевгелија/Municipality of Gevgelija
Dimitar Vlahov 4, 1480 Gevgelija- Republika North Makedonija
Tel. ++389 34 211 211
e-mail:kabinet@gevgelija.gov.mk
www.gevgelija.gov.mk

* Извештајот за реализација на Програмата за работата на ЛМС на Општина Гевгелија, Општина Гевгелија и именуваниот службеник за млади во делокругот на младите за 2025 година е усвоен од Советот на Општина Гевгелија со Заклучок бр. 09-402/1 од 27.02.2026 г.